"Вечер" - 17.6.1994 година

РАЗГОВОР СО ИСКРА ДИМИТРОВА, МУЛТИМЕДИЈАЛЕН УМЕТНИК

# РИТУАЛ НА СЕБЕИСПИТУВАЊЕ

**● МОИТЕ ПРОЕКТИ ЗА МЕНЕ СЕ ПРЕД СÈ ЕДНО СЕБЕПРЕИСПИТУВАЊЕ, КАКО ОНИЕ ОБИЧАИ НА ИНИЦИЈАЦИЈА, ШТО ЈАС ПОСТОЈАНО ГИ ПОВТОРУВАМ – ЖЕНАТА ЗА МЕНЕ НЕ Е САМО РАЃАЊЕ И ПЛОДНОСТ, ТУКУ И СМРТ И РАСПАЃАЊЕ И ЈАС СЕ ВРЗУВАМ ЗА ОНАА НЕЈЗИНА СТРАНА КАДЕ ТАА НЕ Е НИ СЛАБА НИ НЕЗАШТИТЕНА, А ТОА ГО ИЗРАЗУВАМ СО ОГНОТ.**

Искра Димитрова е една од ретките жени мултимедијални уметници кај нас. Своите необични огнени проекти ги почна пред три години со „Сарансака“ изведен на Кале, а досега реализирала уште четири, од кои последниот, „Мајката пајак“, минатиот декември за време на студискиот престој во САД. Од 21 до 29 овој месец ќе се претстави на Интернационалниот фестивал на мултимедијални уметности во Софија.

**– Она што го правам мене ми е пред сé едно преиспитување, нешто како оние обичаи на иницијација, што јас постојано ги повторувам. Многу се врзувам за таа паганска словенска религија и митологија, но не сакам да се ограничам само на традиција, туку ги наоѓам оние точки што ги чувствувам блиски. Ритуалот е нешто што се повторува. Јас никогаш не го повторувам истото, ама секогаш има оган, посебна музика, обрнувам внимание на палењето.**

● Каква е врската меѓу материјалите што ги употребуваш, формата на објектот и она што го изведуваш? Има ли некој свесно определен ред меѓу визуелното и акцијата?

**– Не можам да речам што доаѓа прво, тоа се менува и во текот на моите размислувања за секој нов проект. Сакам јаки контрасти меѓу елементите, како вода – оган, земја – оган или леб – оган, од една страна нешто толку диво, а од другата питомо. И материјалите што ги користам воопшто не ми се намерно свесно избрани – волната ме привлекува со некое чудно чувство на топлина, истото е и со конопот. Ми се чини дека некако си се поврзуваат работите, дека на некој несвесен начин кругот сам се затвора.**

● Бидејќи ритуалот ти е значаен и е премногу личен, во суштина и не бара ангажмани од публиката, така што таа како да е „вишок“ во сето тоа, како да е воајер?

– Да баш, така дури за проектот во Куршумли ан го имав тоа и запишано – дека публиката ќе доаѓа и сето тоа ќе го набљудува како воајер. Мојот однос кон публиката сé повеќе се менува. За мојот следен проект, во Софија, за прв пат можев да избирам – да го направам со или без публика, и јас заклучив дека сакам да ја има. Не знам зошто е тоа така.

● Како го го разбираш она што се нарекува нов женски сензибилитет во уметноста, со оглед дека токму потенцирањето на женскиот принцип е битен елемент на твоето творештво?

– Мислам дека постојат разлики меѓу половите, но во смисла што машкото е повеќе свртено кон надворешниот свет, а женското кон себеси. Од тој аспект, во светот има неколку жени – уметници кои ми се блиски (Ана Мендиета, Магдалена Абаканович, Сен Орлен, Анета Светиева, Луиз Боржуа), кои не се обидуваат да творат „машки“; туку тргнуваат од себеси, од својата интима. Битни карактеристики тука се инсистирањето на вистинитост на материјалот, неотвореност кон светот низ одбивање на секаква комерцијализација на нивната уметност, потоа темата на смртта и темата на распаѓањето – своите дела ги поврзуваат со трошноста на сопствените тела. За мене, жената не е само раѓање и плодност, туку е и смрт и распаѓање. Затоа јас се врзувам за онаа нејзина страна каде таа не е ни слаба, ни незаштитена, ни нежна, а која во моите дела се изразува токму преку огнот.



ИСКРА ДИМИТРОВА

М. Костова